20251212682

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

Врз основа на член 69 став (12) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25), министерот за транспорт, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА, ОВЛАСТУВАЊЕТО И УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И ОВЛАСТУВАЊЕТО СПОРЕД АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИОНИ АКТИВНОСТИ ПОТРЕБНИ ЗА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТРИТЕ ОДНОСНО ИМЕНИЦИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот за издавање и одземање на лиценцата за изработување на урбанистички планови и овластувањето за изработување на урбанистички планови, формата и содржината на образецот на лиценцата, овластувањето и уверението за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање, висината на надоместокот за издавање на лиценците и овластувањето според административно-технички и организациони активности потребни за нивното издавање, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистрите односно имениците.

Член 2

Лиценцата за изработување на урбанистички планови се издава по поднесување на писмено барање до Министерството за транспорт.

Член 3

Лиценцата за изработување на урбанистички планови, се одзема со решение од страна на Министерството за транспорт.

Член 4

Овластувањето за изработување на урбанистички планови се издава по поднесување на писмено барање до Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Член 5

Овластувањето за изработување на урбанистички планови, се одзема со решение од страна на Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Член 6

Лиценцата за изработување на урбанистички планови се издава на образец во А-4 формат на специјална хартија во зелена боја.

Формата и содржината на лиценцата од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Висината на надоместокот за издавање на лиценца за изработување на урбанистички планови е 60.000,00 денари.

Член 7

Овластувањето за изработување на урбанистички планови се издава на образец во А-4 формат на специјална 175 грамска хартија во окер боја.

Формата и содржината на овластувањето од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Висината на надоместокот за издавање на овластување за изработување на урбанистички планови е 3.000,00 денари.

Член 8

Уверението за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање се издава на хартија со бела боја во А-4 формат.

Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 9

Регистарот/имeникот за издадени и одземени лиценци за изработка на урбанистички планови се води во електронска форма.

Формата и содржината на регистарот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 10

Регистарот/имeникот за издадени и одземени овластувања за изработка на урбанистички планови се води во електронска форма.

Формата и содржината на регистарот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог 5, кој е составен дел на овој правилник.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на издавање и одземање на лиценцата за изработување на урбанистички планови и овластувањето за изработување на урбанистички планови, формата и содржината на образецот на лиценцата, овластувањето и уверението за положен стручен испит од областа на урбанистичкото планирање, висината на надоместокот за издавање на лиценците и овластувањето според административно-технички и организациони активности потребни за нивното издавање, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистрите односно имениците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4559/1
11 јуни 2025 година
Скопје

Министер за транспорт,
**Александар Николоски,** с.р.

**Прилог 1**

Република Северна Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање, Министерството за транспорт издава

# Л И Ц Е Н Ц А

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

______________________________________________

(назив, седиште и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

**Бр. ___________** **МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ**

_____________________________ **М.П** _____________________________

(ден, месец и година на издавање)

**Република Северна Македонија**

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

Врз основа на член 67 став (10) од Законот за урбанистичко планирање, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

(дипломиран инженер архитект, име и презиме, NQF=VII-1 или ...)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој Закон и во Статутот на Комората.

**Бр. _________**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ**
**И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

___________________________ **М.П.**

(ден, месец и година на издавање)

**Прилог 3**

**Република Северна Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**

Врз основа на член 67 став (8) од Законот за урбанистичко планирање, министерот за транспорт издава

# УВЕРЕНИЕ ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ

на

____________________________________________

____________________________________________

(име и презиме и место на живеење на кандидатот)

________________________________

(датум и место на полагање на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање)

**Бр. ________________**

(регистарски број на кандидатот во евиденцијата за лица што
го положиле стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање)

Претседател на Комисијата за полагање на
стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање

________________________________

(име и презиме со потпис)

**М.П**

**МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ**

________________ ____________________

(датум на издавање) (име и презиме со потпис)

Прилог 4

| НАДЛЕЖЕН ОРГАН | | РЕГИСТАР/ИМЕНИК НА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Број на лиценца | Назив, седиште и ЕМБС на правното лице | Датум на издавање на лиценцата | Број и датум на решението со кое е одземена лиценцата | Забелешки за извршени промени |
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |
| 4 | | | | | |
| 5 | | | | | |
| 6 | | | | | |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |
| 10 | | | | | |
| 11 | | | | | |
| 12 | | | | | |
| 13 | | | | | |
| 14 | | | | | |
| 15 | | | | | |
| 16 | | | | | |

<table>
<tr><td colspan="2">НАДЛЕЖЕН ОРГАН</td><td colspan="4">РЕГИСТАР/ИМЕНИК НА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ОВЛАСТУВАЊА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ</td></tr>
<tr><td>Реден број</td><td>Број на овластувањето</td><td>Име и презиме на носителот на овластувањето</td><td>Датум на издавање на овластувањето</td><td>Број и датум на решението со кое е одземено овластувањето</td><td>Забелешки за извршени промени</td></tr>
<tr><td>1</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>4</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>5</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>6</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>7</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>8</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>9</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>10</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>11</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>12</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>13</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>14</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>15</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>16</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>